ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („службен весник ма Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, и 39/2016) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија бр.147/08 и 45/11), Градоначалникот на Општина Битола организира:

**ЈАВНА РАСПРАВА**

**По Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Програмата за водоснабдување, одведување, собирање и прочистување на урбани отпадни води за Агломерација Битола.**

Се известува засегнатата јавност дека во рамките на Проектот „Изработка на студии(ФС, ОВЖС, ЕИ), проектна документација и тендерска документација за собирање и третман на отпадните води на инвестициски проект на општина Битола, EUROPEAid/133257/D/SER/MK и Локалната самоуправа на општина Битола подготвија „Програма за водоснабдување, одведување, собирање и прочистување на урбани отпадни води за Агомерација Битола“ и Нацрт Извештај за стратегиска оцена за животна средина од реализација на програмата.

Подготвениот **Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина и Програмата** се достапни на веб страната на општина Битола(**www.bitola.gov.mk**) како и во просториите на Општина Битола во соба бр 3.

Во согласност со законските барања а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста, Градоначалникот на Општина Битола организира јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на ден **06.05.2016год(петок)со почеток во 11часот во салата на Советот на Општина Битола на ул.Бул.1ви Мај бр.61 во Битола.**

Со почит

08-640/1-2016
26.04.2016 год.
БИТОЛА
Љ/А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk